ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **13.12.2021 година** во 13:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Раководител на правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Одд. за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Советник - Одговорен сметководител **Марија Златановска,** Раководител за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Раководителот на Одд. за човечки ресурси **Игор Додевски** и Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски**.

## Дневен ред:

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Сашко Митовски го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Отсутен од колегиум
-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Советниокт Марија Златановска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се предвидат повеќе средства за проекти во Буџетот за наредна година за да има поголема реализација на истите.
-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
-Да се провери важноста на одобренија на проекти со кои е аплицирано на разни повици од институции и доколку е потребно да се обноват.
-За проектот за реконструкција на улица во населба Единство за кои има одобрено средства од 2 мил. денари од Министерство за транспорт и врски да се предвидат средствата во Буџет за кофинанасирање и да се донесе одлука на наредна седница на совет.
-Да се даде преглед за предмети во системот Е-градежно земјиште за нареден колегиум.
-Да се одржи состанок на работната група за да се утврдат пеоритети за проктирање.
-Кире Велески како одговорно лице за изградба на патот кон Градски гробишта во с.Конопница да изготви и достави известување до АД Гранит за користење на пристапен пат кон депонија предвиден во одобрението за користење на депонијата.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на Раководител на Одд. за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина – Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
-Да се провери што е потребно да се докомплетира техничка документација за регулација на Дурачка река во координација со Одделение за изградба и одржување.
-Да се продолжи постапка и потребна техничка документација за зонско паркирање.
-Да се продолжи постапка и обезбеди техничка документација за паркинг простори.

-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Антонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Работен состанок 14.12.2021 година (Вторник) за подготовка на Новогодишна програма.

-Да се види околу бројот и набавка за новогодишни пакетчиња и околу испраќање на новогодишните честитки.

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

Состанок на работна група на ден 14.12.2021 година (вторник) околу изготовка на Колективниот договор и по можност да биде завршена до петок. (Зоран Павловски, Валентина Ангеловска, Мартин Николовски, Игор Додевски, Даниела Велковска, Марија Златановска, Драган Цвијовиќ)

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

-Од страна на Раководителот Даниела Велковска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Состанок во кабинетот на Градоначалникот на 14.12.2021 (Вторник) во 07:30 часот за распределување и доставување на доставата.
-Да се одржи состанок со членовите на Советот за млади по можност оваа недела.
-Да се изготват договори за услуга за учесниците во новогодишната програма.

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

-Од страна на Раководителот за испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Спроведување на тековни активности

**ЈП Комуналец**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Хигиената да биде преоритет во градот.
-Да се направи анализа на водата за пиење и да се даде извештај за истото.
-По завршување на пазарен ден да се стави преоритет на чистење на зелениот Градски пазар.

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Отсутен од колегиум

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- Состанок на работна група оваа недела околу изготвување на Правилник за давање парична помош и градежни материјали за поднесени барања од страна на странките. (Мартин Николовски, Антонио Давитковски, Маја Костадиновска, Даниела Велковска, Никола Граматиков и Марија Златановска)

- Да се направи работен состанок на одделенијата за изготвување на Стратегија за ЛЕР со дадени предлози, сугестии и активности и истите да се достават до консултантот.
- Седница на совет ќе биде одржана на 27.12.2021 година.
- Пописна комисија да помине на сите локации каде има потреба од попис од 15-31.12.2021 година.

**13.12.2021 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**